Хроника

# ПРИТВОРЕН ГЕВГЕЛИЧАНЕЦОТ ШТО ОГРАБИ КАЗИНО СО ЛОВЕЧКА ПУШКА: При претрес во неговиот домот пронајден цел арсенал!

By **Zore Naceva** February 27, 2019 0 0

- Advertisement -

Секторот за внатрешни работи Струмица – Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гевгелија, до Основното јавно обвинителство во Велес, поднесе кривична пријава против Т.К. (40) од Гевгелија поради постоење на основано сомневање дека сторил кривично дело „разбојништво" по член 237 став 4 од Кривичниот законик и кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" по член 396 став 1, а во врска со член 44 став 1 и 2 од Кривичниот законик.




Имено, на 09.01.2019 околу 02.40 часот во електронско казино во Гевгелија пријавениот со ловечка пушка марка „Брно" упатил закана кон вработениот и противправно одзел околу 150.000 денари. На 22.02.2019 во 05.30 часот во непосредна близина на сервис кај с. Мрзенци, од страна на полициски службеници пријавениот е лишен од слобода и кај него биле пронајдени пари, цигари, кои потекнуваат од извршена тешка кражба во маркет во село Негорци и ловечката пушка.

На 22.02.2019, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во станот и помошните простории во кои живее и престојува пријавениот, при што биле пронајдени предмети кои потекнуваат од други кривични дела и тоа: четири кражби од продавници и три кражби во куќи, за кои дополнително ќе бидат процесуирани крив ични пријави.

На предлог на јавниот обвинител во Велес, од страна на судија на претходна постапка при Основен суд Гевгелија, на пријавениот му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.